*Бр. 14 – 750/1*
*Штип, 01.02.2019год.*

# Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Штип |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Снежана Санева координатор за еднакви можности на Општина Штип |
| **Период на известување** | 2018 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 01.02.2019 година |

**Име и презиме Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

Градоначалник на Општина Штип,
Благој Бочварски

**Дата,** 01.02.2019

**Потпис:**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**А) Позитивни**
**Б) Охрабрувачки**
**В) Програмски**

**Сите овие мерки спаѓаат во тн. посебни мерки кои се дефинирани со член 7 од Зконот за еднакви можности на мажите и жените Според овој член, алинеја 3 Посебните мерки можат да бидат:**

**Позитивни** - позитивни мерки се мерки со кои при еднакви услови се дава приоритет на лица од помалку застапениот пол, се додека не се постигне еднаква застапеност или не се постигне целта заради која се преземени. Позитивните мерки особено ќе се применуваат во сите органи и на сите нивоа во областа на законодавната, извршната и судската власт и во други органи и организации, во локалната власт, како и во сите други јавни установи и служби, во политичките партии при вршењето на политичките функции, комисии и одбори, вклучувајќи и учествување во телата што ја претставуваат државата на меѓународно ниво додека не се постигне еднаква застапеност,

**Охрабрувачки** - охрабрувачки мерки се мерки кои обезбедуваат посебни поттикнувања или воведуваат посебни поволности со цел да се елиминираат околностите кои доведуваат до нееднакво учество на жените и мажите или нееднаквиот статус на еден наспроти друг пол или нееднаква дистрибуција на општествените добра и ресурси.

**Програмски** - програмски мерки се мерки кои се насочени кон подигање на свеста, организирање активности и изработка и спроведување на акциони планови за поттикнување и унапредување на еднакви можности.

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

**Позитивни мерки:**

**Охрабрувачките мерки:**

- Во составот на КЕМ се направи промена, по иницијатива поднесена до Советот на Општина Штип, при што, од постоечките 5 члена од кои 4 мажи и една жена, се направи промена, при што еден член – маж беше заменет со нов член – жена, така што соодносот се подобри. Така, сега во КЕМ има 3 мажи и 2 жени.
- Вметнување на критериум за родова еднаквост во Методологијата за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на Општина Штип. Бр. на Решение донесено од Советот на Општина Штип за објавување на Методологијата за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на Општина Штип 09-1201/2 од 19 февруари 2018 год.

- Организирана локална кампања за борба против дискриминација, преку која беа повикани да се охрабрат сите граѓани да пријават дискриминација по било кој основ.
- Воведување на продолжен престој на ученици во ООУ „Гоце Делчев". Со оваа активност се обезбеди поголема можност на родителите, пред сè жените, да управуваат со своето време, односно полесно да ги извршуваат работните активности, но и подобро да го организираат своето слободно време. Престојот беше организиран во две смени: претпладне од 7 до 13 часот и попладне од 11 до 17 часот. Мерката се спроведе во периодот од 01.10.2018 до 31.12.2018 година. До тој период имаше финансиска согласност за дополнително работно ангажирање на стручно лице кое ќе се грижи за децата при продолжениот престој во училиштето. Во наредниот период раководните структури на училиштето ќе бараат продолжување на финансиската согласност за ваков ангажман.

**Програмските мери** се преземени активности кои се состојат во следново:

- Изготвување на драфт верзија на Стратегија за унапредување на родовата рамноправност на Општина Штип 2018-2023;

- Изготвување и реализација во целост Акциски план за спречување и заштита од дискриминација на Општина Штип за 2018 година;

- Изготвување и реализрање Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип за 2019 година;

- Изготвување на Методологија за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на Општина Штип во која е вметнат критериум за родова еднаквост;

- Реализрана обука за унапредување на знаењата на стручните-педагошко психолошки служби од основните и средните училишта за родово базирано насилство и негово препознавање во училиштата;

- Спроведена е локална кампања за борба против дискриминација со два снимени спота (од кои едниот за текстилните работници, а другиот за ЛГБТИ луѓето) и нивно промовирање во јавноста, со што се работеше на подигање на свеста на локалната заедница за препознавање и борба против дискриминацијата;

- Подигање на свеста на средношколската младина за сексуално – преносливите болести и заштитата од нив, преку анкетирање и предавања на младата популација од страна на доктори од Центарот за јавно здравје од Штип;

- Доделување на еднократна парична помош за социјално загрозени семејства од страна на градоначалникот и од страна на Советот на Општина Штип;

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој**

**е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

- Променет состав на КЕМ во корист на порамноправна застапеност на двата пола
- Изготвена драфт верзија на Стратегија за унапредување на родовата рамноправност на Општина Штип 2018-2023
- Изготвен и реализирани активности од Акциски план за спречување и заштита од дискриминација на Општина Штип за 2018 година.
- Изготвена и реализирана Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип за 2019 година.
- Обучени претставници на стручните служби на средните и на основните училишта за родово базирано насилство.
- Емитување на два спота за заштита од дискриминација на локалните телевизии.
- Едуцирани ученици во средните училишта за сексуално преносливите болести и превенција од истите со очигледен зголемен процент на точни одговори од првото до второто анкетирање на учениците. Анкетирањето на учениците се изврши пред и после предавањата за да се согледа ефектот од нив.
- Ученици кои ја користат можноста за продолжен престој во училиштето.
- Мажи и жени кои добиле еднократна парична помош;

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

- Зголемен број на жени во новиот состав на КЕМ. (2 жени, за разлика од претходниот состав кога имаше само една жена)

- Број на едуцирани ученици во средните училишта за сексуално преносливите болести и превенција од истите (вкупно 618).

- Една поднесена претставка за заштита од дикриминација на локално ниво.

- Снимени два рекламни спота како дел од локалната кампања за заштита од дискриминација.

- Број на ученици кои ја користат можноста за продолжен престој во училиштето (вкупно 28), а со тоа се зголеми можноста на 28 родители (пред се` мајки но и татковци) подобро да го користат и организираат своето време.

- Градоначалникот на Општина Штип, г.Благој Бочварски има доделено еднократна парична помош на 3 мажи и 1 жена;

- Советот на Општина Штип во 2018 година има доделено еднократна парична помош на 7 мажи и 1 жена

---

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми. или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот.**

- Решение на Совет на Општина Штип за измена на Решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на советот на Општина Штип, бр. 08-6242/1 од 31 октомври 2018 година;
- Акциски план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Штип за 2018 година бр. 14-3690/1 од 25.06.2018
- Одлука на Совет на Општина Штип за донесување на Акциски план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Штип за 2018 година, бр. 08-4902/1 од 31 август 2018;
- Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип за 2018 година бр. 14 - 1469/1 од 28.02.2018 год;
- Одлука на Совет на Општина Штип за донесување на Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип за 2019 година, бр. 08-3783/1 од 29 јуни 2018;
- Решение донесено од Советот на Општина Штип за објавување на Методологијата за доделување на финансиска поддршка на проекти на здруженија и фондации од буџетот на Општина Штип 09-1201/2 од 19 февруари 2018 год;
- Решение за одобрување на финансиски средства за поддршка на проекти од здруженија на граѓани и фондации, бр. 08-4882/1 од 31 август 2018 год. во износ од **990.000** од кои се исплатени **889.900** денари.

  Средствата беа доделени на:

  **Организација на жени** се доделени **230.000** денари за проект „Децата се нашата иднина" за набавка на лулашки и лизгалки за уредување на детски катчиња.

  **Здружение „Сплотени срца"** на родители на деца со аутизам, доделени **180.000** денари за набавка на возило со рампа.

  **Здружение „Черења"**, доделени **170.000** денари за проект „Поддршка на деца роми во образовниот процес".

  **Здружение на бизнис информативен и консултантски центар – Штип** за проект „Мапирање на понуди за туризам во Општина Штип", доделени **120.000** ден.

  **Здружение на граѓани од текстилните, кожарските и чевларските работници „Гласен Текстилец"**, доделени **100.000** денари за проект „Културата и младите за промени" од кои искористени се **99.900** ден.

  **Еколошко друштво „Виножито"** доделени **90.000** денари за проект „Работните навики – императив за младите"
- Решенија за доделување на еднократна парична помош на граѓани кои се обратиле со барање за помош од општината;

**2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**

Беше преземена иницијатива за разгледување на буџетот на општината на седница на КЕМ. Така Буџетот на Општина Штип за 2019 година беше разгледан на шесттата седница на КЕМ, која се одржа на 21 декември 2018 година. Од координаторката на КЕМ беше даден предлог да се вметне посебен дел во буџетот

кој ќе се однесува на родовата еднаквост, но од раководителот на Одделението за финансии и буџет, беше одговорено дека предлог буџетот е изготвен и дека поради неусвојување на Годишната програма за еднакви можностиза 2019 (причината беше што не беа одржани седници на КЕМ), родовото буџетирање не беше ставено како посебна ставка во буџетот, но дека активностите може да се реализираат согласно програмите кои имаат такви намени и дека нема пречки за остварување на истите. Воедно, тој нагласи дека активностите кои ќе бидат испланирани во Годишната програма за родова рамноправност, ќе може да се испланираат и со ребаланс на буџетот.

**2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива)**

Во наредниот период, доколку се стави посебна ставка за родва рамноправност во буџетот, нема пречка за планирање и користење на финансиски средства за активности на полето на родовата еднаквост.

**2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**

Бидејќи предлогот за вметнување на посебна ставка за родова еднаквост во буџетот не се прифати на КЕМ, останува да се реализираат предвидените активности од Годишната програма за еднакви можности на Општина Штип за 2019 година, со која се предвидени средства во износ од **61.000 денари.**

**2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот.**

Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип за 2019 година.

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Во текот на 2018 година беше остварена успешна соработка со социјални партнери и невладините организации и тоа:

**Соработка со МТСП.** Во рамки на соработката со **МТСП,** на 28 март 2018 година во Клуб на пратеници во Скопје, беше организирана работилница на тема „Јакнење на капацитетите на локалните координатори за еднакви можности за изготвување на годишни извештаи за напредокот на состојбите на планот на еднаквите можности".

На 12 јуни 2018 година во Клуб на пратеници, а во организација на **МТСП** се одржа Работилница за согледување на проблемите и предизвиците и насочување во креирање на родови политики на локално ниво.

**Соработка со ЗЕЛС** : Во рамките на проектот " Развивање на фискалните капацитетите во насока на подготовка на родово одговорни политики и буџет на локално ниво",се организираше еднодневна обука за родово одговорни политики и буџет, на 10 мај, во ЗЕЛС Тренинг Центарот.

На 7 јуни во Скопје во организација на **ЗЕЛС** се одржа работилница за членовите на работното тело, составено од локални координатори и претстедатели на КЕМ кои учествуваа во изготвување на Национална стратегија за родова еднаквост 2018 – 2030 год. Од Општина Штип учествуваше координаторот за еднакви можности.

Во согласност со законските обрвски од Законот за еднакви можности, а во насока на координација и договорање на 28 ноември, 2018 **ЗЕЛС** организираше координативна средба за кооординаторите за еднакви можности и за претседателите на Комисиите за еднакви можности. На средбата беше презентиран предлог-акцискиот план од Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС 2018-2030 и се дискутираше по однос на истиот, а во насока приоретизирање на активностите за следната 2019 година.

Соработка со **Центар за јавно здравје Штип** која се реализира континуирано и во претходните години преку спроведување на проект „Подигање на свеста на средношколската младина за сексуално преносливите болести иможните последици од нив во насока на превенција на истите".

Во рамки на Годишната програма за еднакви можности на Општина Штип за 2018 година, која беше донесена Од Комисијата за еднакви можности и Совет на Општина Штип, беше предвидена и реализација на проектот „Подигање на свеста на средношколската младина за сексуално преносливи болести и можните последици од нив, во насока на превенција на истите".

Реализацијата на овој проект опфати анализа на почетната состојба на знаењата на младите од прва година на средните училишта за сексуално преносливите болести преку анкетирање, сумирање на резултатите од анкетата, детектирање на слабостите, реализирање на предавања и повторно анкетирање со цел утврдување на напредокот кај ученицие од прва година во однос на знаењето на оваа тема.

**Соработка со WN Women, тело на ОН за жени** со кои е воспоставена долгогодишна соработка и учество во проекти за родово одговорно буџетирање и други теми од областа на родовата еднаквост.

Во рамки на регионалниот проект на UN Women за родово одговорни политики и буџети, беше организирана **воведна обука за родово одговорно буџетирање** наменета за советничките и советниците во општините. Обуката се одржа во периодот од **17-20 април во Охрид. Целта беше да се обучат новите советници за родово сензитивни теми.**

Како дел од соработката со **WN Women** беше и обезбедувањето на менторство во процесот на изготвување на „Стратегија за унапредување на родовата рамноправност на Општина Штип 2018-2023", како и финансиска поддршка за две работилници за изготвување на Стратегијата:

- Првата работилница за утврдување на приоритетите и идните мерки и активности како дел од Стратегија за унапредување на родовата рамноправност

на Општина Штип 2018-2023 се одржа во Општина Штип, на 17 септември 2018 година.
- Втората работилница за прибирање на податоци и изготвување на Финалната верзија на Стратегија за унапредување на родовата рамноправност на Општина Штип 2018-2023 се одржа во Берово на 24 и 25 септември 2018 година.

Соработката со **UN Women - Телото на Обединетие Нации за родова еднаквост** и зајакнување на жените се прошри и во рамки на Програмата за градење на капацитети на невладините организации од Молдавија, Романија, Албанија и Македонија за родово одговорни анализи на локални политики и буџети, кој беше финансиски поддржан од **UN Women**. Штип се најде меѓу трите града од Р. Македонија, покрај Кочани и Свети Николе, кои беа посетени од жени претставнички на различни владини и граѓански структури од Молдавија и Романија. Во реализација на посетата беше вклучена и **НВО ЕХО од Штип.**
Посетата се реализираше на 8 ноември 2018 година.

Покрај соработка со **UN Women** , имаше и други воспоставени соработки со други институции, невладино организации и граѓански здруженија.

Така, беше потпишан Меморандум за продолжување на соработката помеѓу Општина Штип, претставувана ад градоначалникот Благој Бочварски и **Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување ХЕРА**, претставувана од извршен директор на ХЕРА, Бојан Јовановски, бр. 03 – 2165/1 од 05.04. 2018 год

Во текот на 2018 година се продолжи соработката која започна со распишување на нов конкурс за дополнување со нови членови на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација. Претходно, Телото беше формирано во рамки на проектот „Собранието и локалната самоуправа за унапредување на правата на ЛГБТ луѓето“ кој се спроведува во соработка помеѓу Општина Штип и **Асоцијацијата за здравствена едукација Х.Е.Р.А.** а е финансиски поддржан од Амбасадата на Кралство Холандија во Република Македонија.

Со новиот конкурс, покрај постојните претставници на здруженијата : **Фондација за развој на локална заедница**, **ЗХА Синергија**, **Младински Клуб** и **НВО Цивитас**, се приклучија уште три невладини организации и тоа: **НВО Гласен текстилец, ЗГ ЕХО, и Здружение на мултиетничко општество за човекови права од Штип.**

По ова селедуваше обука организирана од **Асоцијацијата за здравствена едукација Х.Е.Р.А.**, која се одржа во Велес од 14 до 16 февруари, а беше наменета за сите членови на телото заедно со уште две вакви тела од Куманово и Струмица. На работилницата се изготви Локален акциски план за 2019 година за активности на Локалното координативно тело за заштита од дикриминација на Општина Штип за 2018 година.

Во 2018 година се иполни во целост Акцискиот план за заштита од дискриминација на Општина Штип. Соред Акцискиот план, беше предвидено функцинирање на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација, преку одржување на

редовни средби. Беа разгледувани поднесени претставки од граѓани за случаи на дискриминација. Беше изготвен деловник за работа и образец за пријавување на дискриминација. Се направи промоција на постоењето на вакво тело во општината преку медиумски настап на претставничката од **Асоцијацијата за здравствена едукација Х.Е.Р.А.** заено со координаторот за еднакви можности на локалните телевизии. Се организираше обука за стручните служби на основните и средните училишта за родово базирано насилство и за негово препознавање кај ученици. Се организираше локална кампања за борба против дискриминација преку снимање на два спота кои беа прикажувани на локалните медиуми. Се изготви годишен извештај за спроведување на Акцискиот план.

**Соработка со НВО ЕХО.** Оваа невладина организација од Штип долги години работи со жртви на родово базирано насилство. Таа стана дел од националниот тим кој работи за исполнување на условите за ратификација и исполнување на Конвенцијата за заштита на жени и девојчиња, жртви на родово базирано насилсто, позната како Истанбулска конвенција која кај нас беше ратификувана на 29 декември 2017 година, а стапи на сила на 1 јуни 2018 година. Заедно со Организација на жени од Струмица, НВО ЕХО изготвија проект за формирање на Мултисекторски тимови на општинско ниво составени од претставници на повеќе институции кои ќе дејствуваат координирано во борбата против родово базираното насилство. На ниво на општина Штип во составот на овој тим влегоа : претставници од НВО ЕХО, претставници од Општина Штип (координатор за еднакви можности и шеф на кабинет), претставници од ОЈО - Штип, Основен суд- Штип, ЈЗУ Клиничка Болница- Штип, ЈЗУ Здравствен Дом - Штип, СВР - Штип, ЈУМЦСР – Штип. Тимот брои вкупно 18 члена.

Во текот на 2018 година беа спроведени повеќе заеднички активности на Мултисекторскиот тим во организација на **НВО ЕХО Штип**:

На 21 март 2018 година во Струмица се одржа панел дискусија за Мултисекторските тимови на заедницата за заштита на жени и девојки жртви на насилство на тема: „Интегративен пристап на пакетот есенцијални услуги за жени жртви на насилство – состојби, предизици, очекувања"

Од 26 до 28 март во Берово се одржа обука на тема: „Истанбулската конвенција и пакет есенцијални услуги за жените жртви на насилство – значење, предизвици и препораки за имплементација". **НВО ЕХО** беше имплементатор на **проектот** „ Примена на модел на интегративен пристап на пакетот за есенцијални услуги за жените жртви на насилство", во рамки на Регионалната програма на Телото на ОН за родова рамноправност, **UN Women**, финанасирана од ЕУ.

Од 27 до 29 јуни 2018 година во Берово се одржа втора обука за Мултисекторските тимови за заштита на жртви од родво базирано насилство. Темата на работилницата беше „Подготовка на модел за интегративен пристап на пакетот неопходни услуги за жени и девојки – жртви на насилство".

Од 20 до 22 декември 2018 година во Дојран се одржа трета обука наменета за Мултисекторските тимови од Штип и Струмица, а темата беше: „Подготовка на документ на јавни политики со препораки за унапредување на легислативата поврзана со насислтвото врз жените" и Тим – билдинг работилница на тема: „Родова сензибилизација на членовите на Мултисекторските тимови на заедницата за ефикасна заштита на жените и девојките, жртви на насилство.

На 14.05.2018, во хотел "Оаза" – Штип, се одржа трибина на тема "ДИСКРИМИНАЦИЈА: Како да ја препознаам и што потоа?", организирана од страна на– Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување **Х.Е.Р.А.** како и од Здружението на граѓани **ЕХО- Едукативно-хуманитарна организација од Штип**, со поддршка од **НВО Цивика Мобилитас**. Од Општината имаше двајца претставници кои имаа и свое обраќање: шефот на кабинет на градоначалникот и координаторот за еднакви можности, а беа присутни и членовите на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација.

Соработка со Здружението на лица со пречки во развојот, **„Сплотени срца "**. Ова здружение е формирано од страна на родители на деца со аутизам и друг вид на попреченост и има за цел да работи на подобрување на состојбите на децата со аутизам и со пречки во развојот во однос на условите за школување и нивен престој во институциите. На отворениот повик на Општината за доделување на средства на НВО, оваа организација доби помош во вредност од 180.000 денари за набавка на возило со рампа со кое ќе може полесно и побезбедно да се транспортират децата до институциите.

Покрај донацијата на средства за набавка на возило, соработката продолжи и на поинаков начин, имено на 12 мај 2018 година во организација на Општина Штип, а како дел од Акцискиот план за еднакви можности на Општината, децата со попреченост во развојот од Здружението **„Сплотени срца"** заедно со своите родители беа во еднодневна екскурзија на Дојран и Струмица. Општината им обезбеди превоз и оброк на децата и на нивната придружба.

Соработка со невладината организација **Реактор – Истражување во акција** на проектот „Мобилизирање за родова еднаквост", кој беше финансиски поддржан од **Агенцијата на САД за меѓународен развој – УСАИД** во рамки на проектот на УСАИД за граѓанското учество во Македонија. Целта на проектот беше да се изработи индекс со кој ќе се согледаат состојбите на полето на родовата еднаквост во општините во Република Македонија. На координаторите за еднакви можности им беше доставен прашалник со цел детектирање на состојбите во општините на полето на родовата еднаквост. Главен акцент беше ставен на финансиските средства кои оппштините ги издвојуваат за родовата еднаквост, како и на политиките со кои се применуваат за рамноправна застапеност на жените и мажите на раководни функции и во раководни тела. По сублимирање на резултатите од истражувањето кое го спроведе Реактор во 81 општина, беше изготвен и индексот за родова еднаквост.

На 22 октомври 2018 година во Скопје беа презентирани резултатите од истражувањата на Реактор, при што се промовираше и сајтот на кој се достапни резултатите од истото: www.rodovindeks.mk.

**Соработка со Организација на жени од Општина Штип** на отворениот повик за доделување на финансиски средства на здруженија на граѓани се додоелени 230.000 денари за проект „Децата се нашата иднина" за набавка на лулашки и лизгалки за уредување на детски катчиња.

Соработка со **Здружение на бизнис жени.** Со Здружението беше остварена соработка преку организирање и учество на претставници од Општина Штип на две работилници: Тркалезна маса на тема :„ Женско претприемништво за конкурентност", одржана во Сала на Советот на Општина Штип. Целта на тркалезната маса беше да се разговара за важноста на учеството на жените во претприемништвото, економската стабилност, активното учество на активните чинители, вклучувајќи ги институциите, локалните и регионалните тела, подготвеноста на целната група за поддршка и учество во јакнење на женското претприемништво, како и да се објаснат очекуваните резултати од нивнотио залагање. Втора работилница беше на тема: „ СТЕМ и ИКТ примена со поттикнување на користење на нови технологии и СТЕМ полиња во претприемништвото", која се одржа во Хотел Оаза во Штип.

Соработка со **Центар за управување со промени** заедно со НВО ЕХО која се состоеше во организирање на дебата на тема „Следење на принципите на јавната администрација во зачувување на вредностите на добро управување"

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

Општината располага со податоци кои се полово разделени во делот на :

- Образованието
- Спортот
- Детската и социјална заштита
- Податоци за раководни места и позиции во општинска администрација
- Податоци за членови на Управни и надзорни одбори на институции во надлежност на Општината
- Податоци за даночни обврзници според матичен број (не постои посебна графа за полот, но може да се определи според матичниот број дали станува збор за маж или жена.

**2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

ДА, Локален Акциски план за родова еднакви можности на Општина Штип 2014-2019 год. бр.10- 176/2 од 14.01.2014 година.

Општина Штип има изготвено и Годишна програма за еднакви можности за 2018 година бр. 14 – 1469/1 од 28.02.2018 година.

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период:**

- Организирање на Јавен настап на жени претприемачи за споделување на искуства за решавање на проблеми и предизвици;
- Испитување на познавањата на младите за сексуално преносливи болести во средните училишта преку анкетно истражување
- Предавања за сексуално преносливите болести.
- Повторно анкетирање за проверка на стекнатите знаења.
- Презанетирање на добиените резултати за подгање на свеста на средношколската младина за сексуално преносливите болести во локалните медиуми;
- Организирање на еднодневна екскурзија на деца со аутизам и нивните родители
- Организирање на трбина за родово базирано насилство;
- Проширување на Локално координативно тело за заштита од дискриминација со нови членови, претставници на здруженија на граѓани.
- Присуство на обуки на членовите на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација.
- Разгледување на програми и извештаи за работа на институции под надлежност на Општина Штип и Одделенија на Локалната самоуправа;
- Доработка на Стратегија за еднакви можности.

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите наведете аутпут индикатори**

- Број на организирани настани – трибини, предавања;
- Број на опфатени средношколски деца со предавања;
- Број на обучени стручни соработници од основни и средни училишта;
- Број на нови здруженија, приклучени кон Локално координативно тело за заштита од дискриминација;
- Број на деца и родители кои биле на еднодневна екскурзија;
- Број на Програми и извештаи кои биле разгледувани на седници на КЕМ;
- Број на прифатени забелешки и сугестии за дополнување на Програми;
- Број на обуки за изготвување на Стратегија за унапредување на родова рамноправност на Општина Штип.

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

- Од Општина Штип се оддвоени вкупно 30.000 денари.
- Од донации се обезбедени 151.000 денари.

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Да, меѓутоа координаторот за еднакви можности има и друго работно место, а како координатор работи со овластување од градоначалникот на општината, со донесен акт : Решение за определување координатор за еднакви можности, бр.09 – 7697/1 од 13 декември 2017 година.

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**

**Координаторката ги има реализирано (организирано) следниве обуки:**

- Една работилница за утврдување на приоритетите и идните мерки и активности како дел од Стратегија за унапредување на родовата рамноправност на Општина Штип 2018-2023 се одржа во Општина Штип, на 17 септември 2018 година.
- Втора работилница за прибирање на податоци и изготвување на Финалната верзија на Стратегија за унапредување на родовата рамноправност на Општина Штип 2018-2023 се одржа во Берово на 24 и 25 септември 2018 година.
- Обука на стручните служби на основните и средните училишта за родово базирано насилство и негово препознавање во училиштата, одржана на 30 октомври 2018 година во Сала на Совет на Општина Штип;

**Коодинаторката ги има посетувано следниве обуки:**

- Обука организирана од Асоцијацијата за здравствена едукација Х.Е.Р.А. која се одржа во Велес од 14 до 16 февруари, а беше наменета за сите членови на Локалните координативни тела за заштита од дискриминација заедно со уште две вакви тела од Куманово и Струмица. Целта беше да се изготви Локален акциски план за 2019 година за активности на Локалното координативно тело за заштита од дикриминација на Општина Штип за 2018 година;

- Од 26 до 28 март во Берово се одржа обука на тема: „Истанбулската конвенција и пакет есенцијални услуги за жените жртви на насилство – значење, предизвици и препораки за имплементација". НВО ЕХО беше имплементатор на проектот „ Примена на модел на интегративен пристап на пакетот за есенцијални услуги за жените жртви на насилство", во рамки на Регионалната програма на Телото на ОН за родова рамноправност, UN Women, финанасирана од ЕУ;

- Воведна обука за родово одговорно буџетирање наменета за советничките и советниците во општините. Обуката се одржа во периодот од 17-20 април во Охрид, на која за жал не присуствуваше ниту еден советник од Советот на

Општина Штип и покрај поканата. Присутни беа само координаторката и заменик координаторката за еднакви можности на Општина Штип.

- На 12 јуни 2018 година во Клуб на пратеници, а во организација на МТСП се одржа Работилница за согледување на проблемите и предизвиците и насочување во креирање на родови политики на локално ниво;

- Од 27 до 29 јуни 2018 година во Берово се одржа втора обука за Мултисекторските тимови за заштита на жртви од родво базирано насилство. Темата на работилницата беше „Подготовка на модел за интегративен пристап на пакетот неопходни услуги за жени и девојки – жртви на насилство".

- Од 20 до 22 декември 2018 година во Дојран се одржа трета обука наменета за Мултисекторските тимови од Штип и Струмица, а темата беше: „Подготовка на документ на јавни политики со препораки за унапредување на легислативата поврзана со насилтвото врз жените" и Тим – билдинг работилница на тема: „Родова сензибилизација на членовите на Мултисекторските тимови на заедницата за ефикасна заштита на жените и девојките, жртви на насилство.

| |
|---|
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн).**<br><br>Од сите горенаведени теми |
| **2.17. . Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br>**Ве молиме опишете :**<br><br>- Преку организирање на обуки за изготвување на стратешки документи кои се од областа на еднаквите можности во кои учествуваат претставници од различни одделенија од општинската администрација како : Одделение за јавни дејности, Одделение за образование, Одделение за ЛЕР, Одделение за урбанизам, Одделение за комунални дејности, Одделение за финансии и буџет. Некои од претставниците од наведените одделенија годинава учествуваа во работилниците кои беа организирани со цел изготвување на Стратегијата за унапредување на родовата рамноправност 2018-2023 Обуките се одржаа во Општина Штип и во Берово.<br>Со обраќање до секретарот на Општина Штип и претседателот на Советот беше постигнат напредок во однос на прашањето за поставување на Годишните програми и извештаи за разгледување на седници на КЕМ, што до сега не беше практика.<br>- Обука за претседателката на КЕМ. Во план е обука и на останатите членови на Советот за нивна родова сензибилизација. |
| **2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br>- Укажување за родов дисбаланс во КЕМ до совет на Општина Штип (4 мажи и 1 жена);<br>- Иницијатива за поставување на годишни програми и извештаи на одделенија и институции во надлежност на Општина Штип;<br>- Иницијатива за воведување на критериум за родова еднаквост во проектите со кои аплицираат невладините организации до општината;<br>- Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип;<br>- Годишен Акциски план за заштита од дискриминација;<br>- Сите активности од Годишната програма за еднакви можности на општината ;<br>- Ситеа активности од Годишниот акциски план за заштита од дискриминација; |
| 2.19. **Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br><br>Сите наведени иницијативи и документи и активности. |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

- **Неодржување на седници на Комисијата за еднакви можности.** Годинава од 6 закажани седници, се одржаа вкупно 4. Седниците беа одложувани од политички причини, така што координаторот нема можност да влијае на ова поле.
- **Неприсуство на дел од членовите на седници на КЕМ од објективни причини ( работни задолженија).** Со обраќање до Советот на општината се издејствува промена на еден член на КЕМ со друг.
- **Непосетеност на обуки од страна на советниците на тема родова еднаквост.** Предизвикот сè уште постои, советниците имаат потреба од обуки со кои ќе се овозможи поголема сензибилизација, но и учество во работата на КЕМ и на координаторот за еднакви можности, со конкретни идеи, предлози и сугестии;
- **Доцнење со Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип за 2019 година,** поради што не е предвидена посебна ставка во буџетот за еднакви можности за спроведување на оваа програма. Годишната програма е изготвена, поставена на КЕМ и ќе биде реализирана во наредната година.
- **Незаинтересираност на дел од администрацијата и политичките претставници на за темата еднакви можности.** Координаторот и заменик координаторот постојано укажуваат на важноста од обуките за јавната администрација. Во изминатиот период од десетина години различни лица од администрација биле на различни обуки за родова еднаквост.
- **Постоење на стереотипи и предрасуди во разбирањето на темата за родовата рамноправност.** Укажување на негативните последици од стереотипното размислување.
- **Незаинтересираност на граѓаните за пријавување на случаи на дискриминација кај Локалното координативно тело за заштита од дискриминација** ( постоење на недоверба во институциите). Беа направени неколку медиумски промоции за можноста граѓаните да пријават дискриминација. Беа изготвени обрасци за пријавување на дискриминација. На веб страната на општината е објавен телефонски број на координаторката за еднакви можности на кој може да се пријавува дискриминација, но и покрај тоа имаше една пријава на случај на дискриминација.
- **Тешкотии при собирање на податоци релевантни за темата еднакви можности и родова рамноправност.** Постојат тешкотии, бидејќи некои институции немаат потполни бази или не се родово разделени, но со писмено обраќање до имателите на информации може за да се дојде до дел одпотребните податоци.
- **Непостоењена компјутерски програми кои се користат за прибирање на податоци за корисници на услуги од општината кои се со родов показател, односно прикажување на состојба со мажи и жени (урбанизам, даноци и такси, издадени дозволи за паркирање на јавни површини и сл.)**
  Во соработка за Одделението за ИТ технологија, се прават напори да се дојде до потребните податоци , преку матичен број типичен за мажи и жени и сл.
- **Нереализирани е- обуки на општинската администрација преку системот за**

| |
|---|
| **учење на министерството за информатичко општество и администрација.** Се преземаат сите мерки за обнова на кориснички имиња и лозинки на вработените со цел непречено влегување во систермот за учење и реализирање на обука за еднаквост и дискриминација. |
| **3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**<br><br>Функционирање на Локално тело за заштита од дискриминација и функционирање на Мултисекторски тим на заедницата за заштита на жени и девојки жртви на насилство. |
| **3.3. Наведете примери за научени лекции**<br><br>Родовата рамноправност е тема која бара координиран пристап на сите релевантни страни кои ќе дадат свој придонес во унапредување на процесите и состојбите. Без функционирање на еден надлежен субјект, како на пример КЕМ, не може да се спроведат неопходни активности кои ќе водат кон подобрување на состојбите. Како и за сè друго, треба да постои волја и интерес за тоа. |

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат.**

Во наредниот период целта ќе биде се обезбеди континуитет во веќе започнати активности кои се покажале како делотворни, но и да се обезбеди непречено функционирање на тела кои со своето постоење ќе дадат свој значаен придонес на полето на еднаквите можности. Институционалното решавање на проблемите кои ги засегаат граѓаните ќе биде значаен предизвик за сите кои работат на оваа проблематика.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисија за еднакви можности на новиот советнички состав е формирана на седница на Совет на Општина Штип, одржана на 22 ноември 2017 година, со решение бр. 08 - 7238/1. Во составот на Комисијата се избрани советниците:

1. Бети Тасевска – претседател на КЕМ
2. Тоше Тулиев - член
3. Јордан Атанасов - член
4. Елмир Мандак - член
5. Сашо Ѓоргиев – член

На ден 31 октомври 2018 година, од Советот на Општина Штип е донесено „Решение за измена на решението за именување претседател и членови на постојаните комисии на Советот на Општина Штип, број 08-6242/1 , со кое во дел VII - Комисија за еднакви можности, на местото на членот **Елмир Мандак** се именува членот **Билјана Ефтимова**.

Новиот состав на Комисијата за еднакви можности е:

1. Бети Тасевска – претседател на КЕМ
2. Тоше Тулиев - член
3. Јордан Атанасов - член
4. Д-р Билјана Ефтимова - член
5. Сашо Ѓоргиев – член

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол**:
2 жени
3 мажи

**б) Образование:**
3 високо,
1 со вишо
1 со средно образование

**в) Етничка припадност:**
4 Македонци
1 Влав

**г) Припадност на политичка партија,**
1 - ГРОМ,
1- ПОДЕМ
1 - Достоинство
1- ВМРО ДПМНЕ
1 - СДСМ

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа**

КЕМ годинава за прв пат имаше можност да ги разгледува годишните развојни програми на институциите под надлежност на локалната самоуправа како и на одделенијата на ЛС

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа**

Да, КЕМ го разгледуваше и Буџетот на Општина Штип за 2019 година

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

Да, имаше свои предлози во креирање на програмите и два предлога беа прифатени. Беше донесен Заклучок за дополнување на Годишните програми и тоа:

**Програма за поставување на урбана опрема** да се дополни со следниот текст:

- Жените кои изработуваат ракотворби, да имаат полесен пристап за поставување на своите изработки и да бидат ослободени од закуп на тезга;
- При поставување на урбана опрема – детски игралишта, да се стави акцент на руралните подрачја.
-

**Програма за изработување на урбанистички планови**:

- Сите урбанистички планови да се изготвуваат со земање предвид на мажите и жените преку јавни консултации.

**5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

- Беа направени обиди родово да се сензибилизираат буџетот на Општина Штип, програмите на одделенијата на општината и на институциите под надлежност на општината, пред да бидат донесени на Совет. За таа цел е испратено барање за разгледување на програми на седници на Комисијата за еднакви можности, број 10-341/1 од 17.01.2018 година. По ова барање, на седница на КЕМ беа поставени на дневен ред Годишните програми на одделенијата на општината и на институциите во надлежност на општината.

- Во повикот до невладиниот сектор за поднесување на проекти до Општина Штип, вметнат е критериумот за ефектот кој ќе го има самиот проект врз машката и женската популација, со што ќе се додадат дополнителни бодови за оние невладини организации кои ќе го инкорпорираат родовиот концепт.

- Поднесена е иницијатива до Советот за разрешување на членови и за именување на нови членови на нивно место како и за и дополнување со нови членови на Локално координативно тело за заштита од дискриминација. Објавен е конкурс за зголемување на бројот на членови на Локалното координативно тело за заштита од дискриминација. По завршување на конкурсот, телото се зголеми за три члена од три нови здруженија на граѓани кои порано не беа членови, а кои активно се бават со проблематиката со дискриминација (НВО „ ЕХО", „Гласен текстилец" и Здружение на мултиетничко општество за човекови права), а беа разрешени претседателката на поранешната КЕМ, Македонка Николовска на која и престана мандатот со конституирање на новиот совет, при што на нејзино место дојде новата претседателка на КЕМ Бети Тасевска, како и Стефан Ташков од ЗХА „Синергија" на чие место дојде друг член од ова здруѓжение, Вилма Јованова. Во врска со настанатите промени на членовите на ЛКТЗД, Советот донесе Решение за разрешување и за именување на членови на Локално координативно тело за заштита од дискриминација бр. 08-1778/1 од 15 март 2018 година.

**5.3. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Постои Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип за 2019 година.

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Во текот на 2018 година Комисијата за еднакви можности при Совет на Општина Штип, одржа 4 седници. **Првата и втората** седница на КЕМ не се одржаа од политички причини. Беа одржани трета, четврта, петтата и шестата седница на КЕМ. На седниците беа разгледувани прашања од доменот на надлежностите на Комисијата.

На **третата** седница на КЕМ, одржана на 20 јуни 2018 година беа разгледувани следните точки:

1. Избор на заменик претседател на КЕМ;
2. Годишниот извештај на Локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности на мажите и жените.
3. Предлог - Годишна програма за еднакви можности на Општина Штип за 2018 година;

На **четвртата** седница на КЕМ, одржана на 20 август 2018 година се дискутираше за следниве точки:

1. Акциски план за заштита и спречување на дискриминација на Општина Штип за 2018 година;

На **петтата** седница одржана на 2017 година, Комисијата дискутираше за следниве точки :

1. Годишен извештај за работата на ООУ „Славејко Арсов" Штип за учебната 2017 – 2018 година;
2. Годишна програма за работата на ООУ„Славејко Арсов " Штип за учебната 2018-2019 година;
3. Годишен извештај за работата на ООУ „ Гоце Делчев" Штип за учебната 2017 – 2018 година;
4. Годишна програма за работата на ООУ„Гоце Делчев" Штип за учебната 2018-2019 година;
5. Годишен извештај за работата на ООУ „Тошо Арсов" Штип учебната 2017 – 2018 година:
6. Годишна програма за работа на ООУ „Тошо Арсов" Штип учебната 2018-2019 година.
7. Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке " Штип за учебната 2017 – 2018 година;
8. Годишна програма за работата на ООУ„Ванчо Прке" Штип за учебната 2018-2019 година;

9. Годишен извештај за работата на ООУ „Димитар Влахов“ Штип за учебната 2017 – 2018 година;
10. Годишна програма за работата на ООУ„ Димитар Влахов“ Штип за учебната 2018-2019 година;
11. Годишен извештај за работа на СОУ „Коле Нехтенин“ за 2017-2018 година;
12. Годишна програма за работа на СОУ „Коле Нехтенин“ за 2018-2019 година;
13. Годишен извештај за работа на СОУ „Димитар Мирасчиев“ за 2017-2018 година;
14. Годишна програма за работа на СОУ „Димитар Мирасчиев“ за 2018-2019 година;
15. Годишен извештај за работа на СОУ „Јане Сандански“ за 2017-2018 година;
16. Годишна програма за работа на СОУ „Јане Сандански“ за 2018-2019 година;
17. Годишен извештај за работа на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ за 2017-2018 година;
18. Годишна програма за работа на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ за 2018-2019 година;

На **шестата** седница на КЕМ при Совет на Општина Штип се дискутираше за следниве точки:

1. Предлог - буџет на Општина Штип за 2019 година;
2. Предлог – Програма за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2019 година;
3. Предлог – Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2019 година;
4. Предлог – Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2019 година;
5. Предлог – Програма за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2019 година;
6. Предлог – Програма за Локален економски развој на Општина Штип за 2019 година;
7. Предлог – Програма за активностите на Општина Штипод областа на спортот за 2019 година;
8. Предлог – Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Штип за 2019 година;
9. Предлог – Програма за активностите на Општина Штипод областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2019 година;
10. Предлог – Програма за одржување на локални патишта и улици за 2019 година;
11. Предлог – Програма за одржување на локални патишта и улици за 2019/2020 година во зимски услови;
12. Предлог – Програма за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на Општина Штип за 2019 година;
13. Предлог – Програма за работата на ЈП „Исар“за 2019 година;
14. Предлог – Програма за одржување на јавна чистота во Општина Штип за 2014 година.

**На шестата седница на КЕМ**,оджана на 21 декември 2018 година од координаторот за еднакви можности беа поднесени предлози за дополнување на Годишните програми кои се разгледуваат на совет. Тоа беа следниве предлози:

- **Буџет на Општина Штип:** да се вметне посебна ставка во буџетот за унапредување на еднакви можности и родова рамноправност
- **Програма за поставување на урбана опрема:** да се даде бесплатно користење на киосци, тезги на жени кои изработуваат ракотвоорби со што би се стимулирало женското претприемништво; да се постават содржини за деца (лулашки, лизгалки) во рурални средини, односно да имаат приоритет.
- **Програма за урбанистичко планирање:** Во воверднииот текст за оваа програма да се стави дека сите планови ќе се прават со земање предвид на потребите на мажите и жените преку јавни консултации;
- **Програма за уредување на градежно земјиште:** да се стави приоритет на реконструкција, поправка на асфалт и пополнување на дупки на улици за кои има поплака од жени, да се направи кружен тек на Булевар „Гоце Делчев", во близина СОУ „Коле Нехтенин", да се постави вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација пред училишта и градинки. Дадена е и препорака да се прилагодат тротоарите и да се направат пристапи до истите за детски колички и колички за инвалидизирани лица.
- **Програма за располагање со градежно земјиште:** Општината наместо градежното земјиште да го насочува кон млади брачни парови, да го преформулира тоа и да вклучи млади општо и еднородителски семејства. Може дури и еден дел од станбените простори да ги даде по повластена цена за ранливи категории семејства.
- **Програма за спорт:** Да се стави уште во воведниот дел дека општината ќе се фокусира на промоција на женските училишни спортови и ќе издвои средства за поддршка на женските псортски клубови. Ќе го промовира спортот и спортските навики кај жени и девојчиња и ќе дава поддршка за опстојување, отварање и афирмација на женски спортски клубови. Да се воведе награда за жена спортистка и кај анкетите да се испитаат потребите, интересите и афинитетите на жените/ девојчињата за спорт.
- **Програма за заштита од заразни болести:** При извршување на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јвните површини, да се посвети внимание на деловите околу детските градинки и училиштата.
- **Програма за детска и социјална заштита** : поконкретни мерки за заштита од семејно насилство, (дел од мерките ќе влезат во програма за еднакви можности на Општина Штип за 2019) Врз основа на анализи од ЗГ ЕХО за проценката на трошоците за давање поддршка на жртвите на родово базирано насилство , да се дадат дел од средствата за поддршка на оваа програма. Кај вакцинацијата да се организираат работилници за родители општо (затоа што невакцинирањето зема замав и кај нeромското население, како што е проблемот со ХПВ вакцината за девојчиња. Побарано е да се зголеми бројот на деца роми за кои се субвенционира одењето во градинка

(не само 8 деца).

- **Програма за зимско одржување на улици и патишта.** Побарано е во иднина подетално да се елаборира и да вклучи распоред за чистење улиците од снег кој е родово сензитивен.

- **Програма за паркирање** Да има резервирано паркинзи за лица со посебни потреби, соодветно обележани и да се обезбедат паркинзи за жени со деца соодветно означени (особено таму каде што често гравитираат – училишта, пазари, болници, шопинг центри ) кои ќе бидат пошироки од стандардните и поблиску до излезите/влезовите. Доколку пристапот до паркинзите е со рампа да се прилагоди за потребите на жените (понизок) и сл.

- **Програма за чистење на ЈП Исар.** Да се даде приоритет на местата каде гравитираат жени и деца, да се направи анкета со граѓаните и да се види дали се исти приоритетите на мажите и жените.

  Програмата на ЈП Исар да се изготви на партиципативен начин со земање предвид на потребите на мажите и жените (кои се различни) преку јавна расправа. Во програмата види дали интервенциите се на водоводната мрежа се во места/населби/улици каде што се најпотребни за жените и дали контејнерите за смет што ќе се набавуваат се соодветни за жените, односно се поставени на соодветни осветлени пристапни места, безбедни за жените.

Но, од предлозите кои беа дадени, од КЕМ беа прифатени само **два предлога**, односно само две програми беа надополнети и тоа: Програма за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип и Програм за уредување на градежно земјиште.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС.**

Организирање на обуки и заеднички работилници и средби на претставници од институции од централно и локално ниво.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Поголемо промовирање на потребата од постоењето на родовата компонента во буџетите на општините кај релевантните фактори на локално ниво од кои зависи имплементацијата на концептот за родовата еднаквост.